
ДВА БЕЛИ
ГУЛАБИ
Славица и Славчо Урумови

РЕЦЕНЗИЈА

ОД ВЕРА СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ,
ЗА СТИХОЗБИРКАТА 'ДВА БЕЛИ ГУЛАБИ' ОД АВТОРИТЕ СЛАВИЦА УРУМОВА И СЛАВЧО УРУМОВ,

Првиот автор на понудениот ракопис е младата поетеса Славица Урумова. Нејзиниот однос кон поезијата е познат во нашата јавност од поодамна, зашто од школските клупи го негува овој литературен род. Таа ни се претставила во попвеќе списанија за деца, во весници, со свои песни, а добила за нив и одредени награди. Меѓутоа, на поширокиот читатлски круг му подари неколку книги поезија:"Кога Љубовта цути" (2оо3);Лавиринт на љубовта" (2004); "Сложувалка" (2005);"Искри на љубовта"; (2006);"Пајтон на времето" (2007).

Новиот ракопис на Славица Урумова претежно е насочен кон вечната тема на љубовта, што е и логична последица на младоста. Славица е студент на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје. Традиционално во овие години доминира темата на сеопфатната љубов, која и кај Славица се јавува во разгрането дрво на возвишените чувства.

"Будна сум...
Преполна со копнежи.
Неспокојна сум...
Патник во своето срце.
Час на двоумење...
Ке се претворам во удолница
ќе дојдеш побргу до мене...
Го слушам твојот од
И здивот на моето исчекување.
Пожар од едноставни мисли...
Гори се повеќе моето нетрпение..."

Можеби оваа песна насловена "Историјата на мојата љубов" ја резимира погоре споменатата тема, крикот на љубовта внедрен во сите пори и духовни превирања на поетесата, која гори од желба да ја открие и афирмира својата сеопфатна искреност. Спојот на вљубените се одвива во:

"песок и море
украдено од рајот.
Мир и тишина



BY NC ND

живот од бајка..."

Вљубените симболично и метафорично ги претставуваат двата гулаби, традиционална карактеристика ин а македонската народна поезија.

Во спојот на љубовните напливи се избира љубениот за ѕвезда водилка

"Градам нов живот со тебе..."

Меѓутоа, Славица Урумова се впушта во реалноста исполнета со опојноста на љубовта, за да просолзи врз судбината на претседателот на Република Македонија- Борис Трајковски:

"Прашањата пусти, без доказ...
Исчекување.. .Тага и молк...
Вест од уста до уста,
Солзи во очи
А вистината е само една..."

Понатаму Славица Урумова го "гради новиот живот од мечтите", ги препрочитува трите добиени писма од љубениот, за да заврши со восхит и заклучок:

"Во овој час се одрекувам
Од сите права да ме вбројуваат
во редовите на чесните луѓе,
Бидејќи:
-животот го ставам на коцка
-се опивам од најслаткото вино
-зависна сум од најсилната дрога
ЉУБОВТА..."

Вториот автор е СлавчонУрумов, и што е интересно, се надоврзува на поезијата од својата ќерка Славица. Како возрасен поет, татко на поетеса, интересно е дека и неговиот афинитет кон поезијата доаѓа до израз порано во одредени весници, како и во книгите:"Мирисот во димот 1985 година", "Песната Слово Големо", итн.

Поезијата на Славчо Урумов преминува од понесеноста на стиховите од ќерката во драматичностите што ги носи денот, времето, животот. Не е случајно што првата песна "Дојдов да те видам" е во кодот на понесеноста од татковскиот чин, во исчекувањето да биде препознат од својата рожба. Тој опева еден друг агол од сеопштата љубов, љубовта кон малиот Иле. Возраста донесува стаменитост:

"Човекот е камен
Се раѓа на изворот
Од некоја река
Умира в море."



BY NC ND

Но денот донесува и тага и бол, исчекувањето на првата рожба, на детскиот плач, а честопати нема подадена рака. Искуството бара тагата да се надвладее, да се совлада болката на разделбата од саканите.

И таткото и синот се насочени кон темата на љубовта, која се јавува во младите години понесена од младоста и неискуството, во случајов на ќерката и оформена во филозофија и однос кон децата, особено во песните посветени на Јелена и Илија, кај таткото .

Во секој случај, и ќерката и таткото, интересно е што ги здружуваат своите творби во една стихозбирка, во која стиховите од Славица се преточуваат во тие на Славчо. Вака претставени даваат еден континуитет па поетско фамилијарно творештво, кое препорачувам да биде и издадено.

07.O5.2008

Скопје

Рецензент

Проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ





BY NC ND

СЛАВИЦА УРУМОВА



Родена е на 28.02.1987 год. во Скопје. Апсолвент е на филолошкиот факултет “Блаже Конески”. Повеќето нејзини песни се објавувани во литературните алманаси на ЛК Мугри, во списанието за литература, култура и уметност *Современост* и *Тренд*, како и др. детски списанија, весници. За своите поетски творби има добиено повеќе награди. Учествуваше на повеќе поетски манифестации во 2009 год., од кои најзначајни се “Бела ноќ” и “Ноќите без интерпункција” на *Струшките вечери на поезијата*. На *11 Мегународна литературна манифестација Илинден 2010* ја освои третата награда. Ги има објавено стихозбирките:

- Кога љубовта цути (2003),
- Лавиринт на љубовта (2004),
- Сложувалка (2005),
- Искри на љубовта (2006),
- Пајтон на времето (2007), како и
- Зад виножитото (2005) која е објавена со група автори.

Два бели гулаби

Песок и море
украдено од рајот.
Мир и тишина
живот од бајка.
Една гулабица се вивна
да го зграпчи небесното пространство...
Судбината ја однесе
да го види белиот гулаб,
осамен на брегот на морето.
Дали и тој беше уште еден
скитник кој ја бараше среќата?
Тогаш, љубовта како бог се симна
од небесниот престол,
два бели гулаби станаа
сродни души.
Со поглед го ловеа
секој зрак на сонцето,
а со излезот на месечината
заминаа во непознат правец...

## Вистината е само една

-Борис Трајковски

Прашањата пусти, без доказ...
Исчекување... Тага и молк...
Вест од уста до уста,
солзи во очи,
а вистината е само една...
...Ангелот вечен...
Во тревожни мигови
и небото и земјата
се спојуваат,
само ти си несовладлив,
твојот збор карпа крши...

* * * *

И се останува
исто како некогаш,
пиреј насадок
повторно никнува
и зборови живи
песнава ја красат.
Сега секој цвет, ставен,
на студената плоча
со љубов го носам,
мислејќи на тебе.
Таквите луѓе не умираат,
тие се премногу силни, храбри,
нивниот дух е безграничен.
Својата мисија сега
од небото ја довршуваш
и се уште загрижено,
татковски, не прегрнуваш,
додека ние како што ти велиш:
“Сите заедно споделуваме
една единствена судбина
наречена Македонија”...

25.06.2007 Освоена I награда во Струмица
(ЛУБ “Благој Јанков- Мучето”)



BY NC ND

Градам нов живот од мечтите

Те среќавам како во сон...
Блескоти твојот лик во самракот.
Бог знае зошто?
Без тебе се е пусто.
Биди ми ѕвезда и води ме!
Лунзам по сокаци без тебе...
Те опивам, те задевам
со моите страсни мисли.
Градам нов живот со тебе.
Гледам твоето срце чука,
душата копнее, усните горат
во мигот на средба среќа тлее,
остави и на душата да сонува
од каде што тргнала
одејќи по хоризонтот
одејќи напред, напред
тивко на увце ми шепотиш...
Додека ја празнуваме љубовта
и се обидуваме да ја откриеме
суштината на животот
сфаќаме дека мечтите
па и не се толку неостварливи
за оние кои толку силно веруваат
за она што сонуваат...



BY NC ND

## Загатка

Одекнуваше
толпата народ маѓепсано,
еден живот исчезна...
Татнеше гласот на убиецот,
ја реши математичката
загатка на смртта...
Од умот ги отфрли
ѓаволските слики
истражувајќи ја симболиката.
Се фати за реалноста,
ја поткопа верата,
го подели методот на убедување:
"Љубовта е посилна
од ѓаволското зло!".
Гласовите околу него
што се создаваа
го влечеа јажето,
така се споија сите можни
метафорични граници
на животот и смртта,
на радоста и несреќата,
на љубовта и љубомората,
на доброто и злото
помеѓу човекот и природата.



BY NC ND

Три писма

Седев со неговите писма,
чувствував во нив тага,
по некоја солза,
мали радости
и надеж,
спомени заскитани меѓу нив...
Отворив едно,
напишано меѓу првите,
ја истресов неговата
содржина на дланка.
Се насмеав, тоа беше цвет
со црвени ливчиња
веќе исушени, но сепак
сеуште имаа своја симболика.
Отворив уште едно,
тоа беа стихови напишани
со црвено мастило:
“Нашата љубов
не запира овде,
ветрот вечно со себе
ќе ја носи.
Се што сонувавме,
се ќе се оствари
тогаш повторно
како ѕвездите ќе бидеме
еден до друг,
нашите зборови
музика ќе се сторат,
елегија за мене, за тебе
и едно минато време ќе се пее. “
Го отворив и последното писмо.
Во него шепотеа неколку збора:
“Љубов моја неизмерна! “
Во него речиси ги видов
неговите раце раширени
да ме прегрнат...
Помислив...
...Те сакам, те сакам
и ти благодарам што ме научи
несебично да љубам!

Повик

Ќе ги тргнам моите очи од твојот лик,
ако твоето срце го полнат со немир.

Ќе тргнам по друг пат,
ако се плашиш дека ќе те сретнам.

Се отргнувам од своите сонови
и брзам да одговорам на твојот повик!

Се одрекувам

Во овој час се одрекувам
од сите права да ме вбројуваат
во редовите на чесните луѓе,
бидејќи:
- животот го ставам на коцка
- се опивам од најслаткото вино
- зависна сум од најсилната дрога

ЉУБОВТА...
Во овој час се одрекувам
од сите права!


BY NC ND

Визија

Безусловно, зацврстена од надежта,
постои визија
дека длабоко во неговите очи
со облик на бадем
се уште постои љубов...
Мислата ми ја помати моќта,
ми ги заслепи очите,
ми ја одзеде свеста
и сега кога ќе се погледнам
во огледалото
на мене
не гледам ништо,
освен љубов...
Тие очи,
ја освоија мојата душа...
Визијата
стана мој живот...
И сега знам,
љубовта не е безвредна!
Јас ја дадов мојата љубов
а за возврат го пронајдов
мојот лик во огледалото,
и до него друг лик
со очи како бадем,
ја пронајдов возвратена
несебично љубовта.

Кон тебе

Сé ме води кон тебе:
летните страсти,
љубовните стапки,
среќните мигови...

Сé ме води кон тебе
иако патот е долг...
Не кажувам ништо,
ја гледам фотографијата,
ги затворам очите
и за миг стигнувам до тебе.



BY NC ND

Ќе те чекам

Под една топола
до една булка,
под еден орев,
под една елка...
Не!
Ќе те чекам,
ќе те чекам
под ѕвезденото небо
тоа кратко живее
но повторно и уште
посјајно се раѓа.

Вечерна средба

Луната сјајна
штом во Вардар
ќе си види лик,
на кејот ќе блеснат лисјата
со бисерни капки,
јас таму ќе тргнам
да те барам
со желба да те сретнам.
Љубовта има таква сила
да ме води...

Создавање на поезијата

Наврќајќи се на
судбоносните настани,
поетот,
свесно длабеше
по зборовите,
ги разглобуваше
до ситница,
следејќи, создавајќи,
ја ситуацијата
во својата поезија
и нетрпеливоста
да се соочи со неа.

Љубовта од тебе ја питам

Ти се колнам дека те сакам
во најсилниот лак на Купидон.

Ти се колнам дека те сакам
во невиноста на Венера.

Ти се колнам дека те сакам
во огинот со кој се запали Дидона.

Ти се колнам дека те сакам
во љубовта што врзува две души.

Ти се колнам дека те сакам
бидејќи не гледам со очи туку со срце.

Ти се колнам дека те сакам
и љубовта од тебе ја питам.



BY NC ND

## Љубовна стрела

Те видов на сон
и го испратив Купидон
да ти пушти љубовна стрела,
но во тој миг згасна
пламенот од стрелата,
а ти замина
недопрен од љубов.
Стрелата падна
врз бел цвет
кој стана пурпурен
од мојава рана.
Врати се, донеси ми ја
таа волшебна синоличка,
од нејзината сок капни ми
врз клепките склопени
и моите очи ќе се отворат,
не сакам веќе да те сонувам.



BY NC ND

Сами

Сами на небото,
а сепак среќни
ние сме
излез и залез
на сонцето.

Сами во полето,
а сепак среќни
ние сме два цвета
заедно изникнавме
заедно ќе овенеме...

Не се навраќам на минатото

Те сакам без граници
и ако тоа е грев
Господ нека ми прости!
. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
Повеќе не се навраќам
на минатото,
не мислам на иднината,
туку живеам во сегашноста.



BY NC ND

Во твојата прегратка

Потребно ми е твоето присуство,
твоите бакнежи се моја
душевна храна,
додека сум во твојата прегратка
ми ја подаруваш твојата љубов,
а јас затреперувам, за подоцна
да потонам во страста.

Законите на Господ

Зошто јa пишувам
оваа песна,
кога Господ ни го вкрсти патот
и сега сме луѓе
за тага и радост,-
љубов и омраза.

Зошто јa напишав
оваа песна,
кога ги слушнав законите
кои ги заповеда Господ...
Вие можеби немате слабости,
а јас имам само една
- ЉУБАМ!

Историјата на нашата љубов

Будна сум...
Преполна со копнежи.
Неспокојна сум...
Патник во своето срце.
Час на двоумење...
. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
Ќе се претворам во удолница
да дојдеш побргу до мене...
Го слушам твојот óд
и здивот на моето исчекување.
Пожар од едноставни мисли...
Гори се повеќе моето нетрпение.
. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
Рацете ни се допираат
погледите ни се впиваат.
Така започнува
историјата на нашите срца.
Малку насмевка
и сосема малку срамежливост.
Така започнува
историјата на нашата љубов...

Ново време

Човекот го погази
сопствениот срам со страв
од севкупниот говор на телото,
посуптилен од разумот
моралот не присилува
да ги откриеме обичаите
и вкусот на ова време
дури и кога тој е расипан.

СЛАВЧО УРУМОВ



Роден е во Скопје на 07.04.1945 година. Потекнува од занаетчиско семејство. Како деветогодишно дете учествува во емисијата "Најмладите слушатели пред микрофонот" на радио Скопје. Основното образование го завршува во "Кузман Шапкарев", Скопје. Во 1960 година од страна на "Технички магацин" Скопје, а по повод 10-то годишнината на работничкото самоуправување, е награден со пенкало за најдобро изработена тема. Се запишува во СУ"Димитар Влахов", го изучува куферо-ташнарскиот занает. Со пишување на поезија се занимава од 1977 год. Неговите песни се објавувани во повеќе весници: *Охис*, *Трудбеник*, *Бирлик* и во книгите:

- "Мирисот во димот 1985 година
- "Песната Слово Големо" во 1992 година.

По повод месецот на книгата во 1992-1993 година е награден со трета награда.



cc BY NC ND

Дојдов да те видам

Дојдов да те видам
ти солзите в камен ги скамени
од плач во молк немее
ни збор не рече
сал тишина морничава
и корнење подмолно од моето срце.

Со денови чекав
од устето мало на мојата рожба
да се одлепи зборот тато
ко искра, гром и екот
го раскорна сето минато од искона
и в живот ме врати повтор.

## Црвеното сонце се скри зад планините

Црвеното сонце се скри зад планините
студена пот го обли, битието
тажи во мене
тишина
визија на бол и тага
молк
изгубен детски плач и џагор
исчезнува екот
солзи го облеваат лицето
грутка срцето стана
крвта замрува
гласот онемува
молк напластен над се.

За малиот Иле

Во шталата трошна
има една крава
црно-бела
на малиот Иле.

Наутро и навечер
таа добра крава
топло млеко дава
на малиот Иле.

Бело млеко
добро здравје
бело млеко
за малиот Иле.

Чудесна песна

Човекот е камен
се раѓа на изворот
од некоја река
умира в море.

Каменот се тркала
низ долг и напорен пат
крајот на песната
се влева в море.

Век да векувам

**С**лавно поколение
**Л**екокрила птицо
**А**тмосверата трепери
**В**исоко леташ во облаци
**Ч**овечки мигови
**О**тчукуваш.

**У**тро...
**Р**ано-мраморно
**У**тро-бурно
**М**орничаво
**О**пстојувам носен во мисли
**В**ек да векувам.



BY NC ND

Детска солза

Август и пладне
иљада сонца без милост печат,
бол и тага и болна рожба,
во сите срца сал едно бие,
син да се роди.

И удри тапан в огниште бело
и сите срца в едно се збраа,
и детска солза ко мелем в око
раскошна песна, детскиот плач.

Недостижна љубов

Везден одам таму, ваму
без никој и никого
без љубов и пријателство.

Со длабока болка
во рането срце
напишав песна.

За птица во кафез
со рането крило
за чекање
на недостижна љубов.

Желба

Штом на слика
ќе ја видам
во очи солзи навират,
не можам мирен да бидам!

Крај училиште штом минам
и нејзе ја видам
в срце желба стегам-
со неа да бидам.

Утринска носталгија

Во мугрите студени
го допирам ветрот
во очекување и надеж
тагата да ја надвладеам.

Душата ме мачи
срцето ме стега
но ете, не можам
со тебе да бидам.

За тебе сине
песна пеам,
за тебе мило мое
солзи леам.

Талкам..
Во раните утрински зори
за душата ми тажна
без тебе,
спокој никаде не наоѓам.

Два бели гулаби

-на Јелена и Илија-

Два бели гулаби
одлетаа недоглед
избезумени и натажени
во небесното синило.

Небото ги топли со покривач син,
земјата им е легло меко
ветер тивко ги милува
родителско сонце ги грее.

Два бели гулаби
небо..
земја и сонце
тоа е топлиот дом.

Мразулци
-на Јелена и Илија-

Утро...
Прозорци смрзнати
рано будење
Плач..

Прекинато детство
забавно растење
напуштен
родителски  дом.
Вечност..

Студот немилосрдно штипе
мали топли раце молат
да се вратат
во топла постела.

Животот тече..
Не ги поштедува и најмладите.



BY NC ND

Чекорење

Чекорев по патот на моите
соништа.
Чекорев..
Занесот ме носеше кон тебе
во длабочините на душата.
Мирисот опијанува.
Бакнежот го вжештува телото.
Чекорев но не те најдов.

Ветриштата в неповрат те однесоа
Сонцето ја изми утринската роса,
барајки ја вистината на моето
постоење.

Себесонување

На брегот на големата река
се шири опојна миризба на липите.
Пеколна жештина
бура од спомени
се нижат како гердан momински.

Очи изморени
опсипан со мисли
отров во душата,
срца разделени
бродат...

Легнала та натежнала

Вистинска бочва од спомени
легнала та натежнала
и само една парабола
во едно тело.

Две ѕвезди

Две најсветли ѕвезди
блескаат во очите мои
две срца разделени
лебдат во ноќниот пој.

Во душата ми страдна отров
и треперење на таинствени зборови
во тага тоне моето битие
плачат трендафилите во моите
дворови.

Знам за миг ќе помине ноќта
и сонот страшен во заборав ќе појде
ќе светне светлината на мојот ден
а таа како исплашена срна кај мене
ќе дојде.



BY NC ND

Таинствениот остров

Седнат крај прозорецот
загледан во таинствениот остров
од каде блешти светлината на денот
и расцветот на мојата разиграна младост.

Звукот се разбива во студената ноќ
како скратена вечност на едно постоење,
а јас го чуствувам мирисот
на уште една поминатата ноќ без тебе.

И така започнува еден нов живот
на моето постоење,
на една младост што се капе во солзи,
за минатото во кое те имав.

Искра надеж

Имав само искра надеж
но исчезна длабоко во ноќта
мирно и нечујно
остана само визија за тишината.

Останаа спомените
на веселата детска смеа
и само мала искра надеж
што не сакам да згасне.

Ехото на камбаните

Одекнува  ехото на камбаните
да  го раскорне  минатото
                                        Од искона,
да не врати повторно во живот.

Чекореше страдалникот
со својата крв да стигне
до сонцето што високо грее,
да ја згасне жедта што во себе
                                          повторно рие.

Чекореше по трнливиот пат на слободата,
по патот на бесмртните херои,
чекореше низ бури и огнови разбеснети
до својот сон за светлината.



BY NC ND

Цветот на мојот сон

Најубав цвет во мојата градина
си ти, мило мое
твојата прекрасна миризба на алој
ја вдишувам длабоко во мене,
под ова златно сонце
ја слушам божествената музика
за најубавиот цвет
цветот на моите сништа,
цветот на твојот прекрасен лик.

Меѓу небото и земјата

Меѓу небото и земјата
водите на Вардар
ги опијанува срцата.
В занес бликнува
мирисот на љубовта
за да се сплотат
сите срца разделени.



BY NC ND

СОДРЖИНА


стр.

РЕЦЕНЗИЈА ОД ВЕРА СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ 02

СЛАВИЦА УРУМОВА 05
Два бели гулаби 06
Вистината е само една 07
Градам нов живот од мечтите 08
Загатка 09
Три писма 10
Повик 11
Се одрекувам 12
Визија 13
Кон тебе 14
Ќе те чекам 15
Вечерна средба 16
Создавање на поезијата 17
Љубовта од тебе ја питам 18
Љубовна стрела 19
Сами 20
Не се навраќам на минатото 21
Во твојата прегратка 22
Законите на Господ 23
Историјата на нашата љубов 24
Ново време 25

СЛАВЧО УРУМОВ 26
Дојдов да те видам 27
Црвеното сонце се скри зад планините 28
За малиот Иле 29
Чудесна песна 30
Век да векувам 31
Детска солза 32
Недостижна љубов 33
Желба 34
Утринска носталгија 35
Два бели гулаби 36
Мразулци 37
Чекорење 38
Себесонување 39
Легнала та натежнала 40
Две ѕвезди 41
Таинствениот остров 42
Искра надеж 43
Ехото на камбаните 44
Цветот на мојот сон 45
Меѓу небото и земјата 46




BY NC ND



creative commons

[Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported]

You are free:

- to Share - to copy, distribute and transmit the work

Under the following conditions:

- Attribution. You must attribute the work in the manner specified by the author or licensor (but not in any way that suggests that they endorse you or your use of the work).
- Noncommercial. You may not use this work for commercial purposes.
- No Derivative Works. You may not alter, transform, or build upon this work.
- For any reuse or distribution, you must make clear to others the license terms of this work. The best way to do this is with a link to this web page.
- Any of the above conditions can be waived if you get permission from the copyright holder.
- Nothing in this license impairs or restricts the author's moral rights.

The document was created by CC PDF Converter